Врз основа на член 39 став (9) од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 215/2021), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

**Упатство**

**за тоа што се смета како инфраструктура за собирање на отпадни производи и/или посебен тек на отпад за која може да се користат средствата на колективниот односно самостојниот постапувач**

**Член 1**

Со ова Упатство се определува што ќе се смета за инфраструктура за собирање на отпадни производи и/или посебен тек на отпад за која може да се користат средствата на колективниот односно самостојниот постапувач.

**Член 2**

За инфраструктура за собирање се смета:

1. Собирни места и собирни центри:
   - воспоставување, уредување и одржување на собирни места и собирни центри со локалната самоуправа и нивна дислокација,
   - воспоставување, уредување и одржување на собирни места во рамките на регионалните центри и
   - воспоставување, уредување и одржување на собирни места со производители/правни лица.
2. Опрема и решенија во функција за поддршка на инфраструктурата од точка 1 од ова упатство:
   - ИТ системи и опремата поставена во функција на селекција на отпадот од населението и сензори,
   - ИТ решенија за организирано собирање и селекција на отпад од посебните текови преку собирање на отпад од врата на врата,
   - апликации за геолоцирање, компјутерска и друга информатичко комуникациска опрема или решенија во функција на поддршка на инфраструктурата,
   - трошоци за мониторинг и контрола на поставениот систем за селективно собирање на посебни текови и останата опрема и решенија.

**Член 3**

Користењето на средствата на колективниот односно самостојниот постапувач кои ќе се сметаат за трошоци за инфраструктура за собирање на отпадни производи и/или посебен тек на отпад е трошокот за одржување, сервисирање и реобнова на инфраструктурата за собирање на членот 2 од ова упатство.

**Член 4**

Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето на веб-страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Бр. 02-5348/1
20-09-2023.2023 година
Скопје

**Министер за животна средина и просторно планирање,**

**Каја Шукова, с.р.**

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut